Вардарска

(диши длабоко и пливај спротиводно)

Марија Грубор

БИБЛИОТЕКА – **Поетите од Наше маало**

Главен уредник
Филип Димевски

© Марија Грубор, 2026
© Бегемот, 2026

Лектура
Ирена Ралева

Компјутерска обработка
Бегемот

Графичко уредување и илустрации
Марко Трпески

© Сите права на изданието ги има – БЕГЕМОТ ДООЕЛ. Забрането е копирање, умножување и објавување делови или целото издание во печатени или електронски медиуми без писмено одобрение од издавачот.

Вардарска
(диши длабоко и пливај спротиводно)

Марија Грубор




Скопје, 2026

на мојата̄ мајка

Исчезна во мракот
под блесокот на црните крилја
со крикот на старите дрвја
оголени од својата болка

Блесокот на сината река
струи по темната земја
студен е каменот таму
што стои и чека

Виолета Грубор, август 1971



КЛАДЕНЕЦ

seek out
what magnifies your spirit
they said

except

when magnified
mine tends to burst
into flames

космооко дете

еднаш растеше
едно дете
во едно место
и во едното око
го држеше
целиот космос
без никаков напор
без излишна самосвесност
според сите прописи
на детството

василика

која со тешко срце
слезе од планина
во градот на Топилница

имаше куќа
направена од
тазе јуфки
древни миленца
и Иво Андриќ
во тврда корица
верски календар,
зборот „штоф“
кауч што го памти
погребот на Тито
и sидови напиени
кавга, тутун и смеа
брак со слога без љубов
разџагорено јато деца
старечка тага и тежок молк
по Духовден налето

куќа полна
лековита кроткост